**20192774355**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 ) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ВО 2020 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства во износ од 70.000.000,00 денари од приходите од игри на среќа и забавни игри за 2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се распоредуваат:

1. За финансирање на годишните програми на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, во износ од 57.000.000,00 денари, согласно Законот за инвалидски организации и тоа:

- За финансирање на програмските активности на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, во износ од 5.400.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност, во износ од 10.680.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, во износ од 10.650.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на слепите на Република Северна Македонија, во износ од 12.180.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, во износ од 3.730.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија, во износ од 3.450.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака, во износ од 9.710.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот Сојуз на инвалиди на трудот на Република Северна Македонија, во износ од 1.200.000,00 денари

2. За финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејното насилство, во износ од 4.000.000 денари и тоа:

- Здружение Кризен центар Надеж со вкупен годишен износ од 1.092.000,00денари
- Организација на жени на Град Скопје со вкупен годишен износ од 1.300.000,00 денари

- Сојуз - Национален совет за родова рамноправност со вкупен годишен износ од 805.000,00 денари и
- Здружение за семејна психотерапија и системска пракса на Македонија со вкупен годишен износ од 803.000,00 денари

3. За финансирање на Годишната програма на Црвениот Крст на Република Северна Македонија, во износ од 9.000.000,00денари.

Член 3

Оваа одлука ќе ја спроведе Министерството за труд и социјална политика, согласно месечен план за исплата на овие средства.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10559/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.